Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-250/6
28 02 2023 год.
СКОПЈЕ

До
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме:

1. Одлука за усвојување на Извештајот за работата на деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за период од 01.03.2022 година до 28.02.2023 година;

2. Извештај за работата на деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за период од 01.03.2022 година до 28.02.2023 година.

Одлуката и Извештајот Ви ги доставуваме во Ваша понатамошна надлежност.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Сашо Георгиевски

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први "
Бр. 02-250/6
28 02 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, согласно член 114, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 178/2021) и член 58, став 1, согласно член 63, став 2 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 28.02.2023 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

1. Наставно-научниот совет го усвои Годишниот извештај за работата на деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за период од 01.03.2022 година до 28.02.2023 година.

2. Одлуката и Извештајот за работата на деканот во горенаведениот период ќе бидат доставени до Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во нивна понатамошна надлежност.

3. По еден примерок од Одлуката да се достави до Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, продеканите, секретарот и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Сашо Георгиевски

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 01-257/1
28 02 2023 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

**(01.03.2022 - 28.02.2023 ГОДИНА)**

## ВОВЕД

Извештајот ги опфаќа активностите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ остварени во периодот од 01.03.2022 до 28.02.2023 година. Во овој период, факултетските активности беа, главно, насочени кон остварување на следните основни задачи, и тоа: а) продолжено одржување на финансиската стабилност на Факултетот, со остварена редовност во плаќањата на факултетските обврски, како и создавање на услови за одржување на таквата стабилност во наредните години, со цел да се пресретне ризикот од евентуално идно намалување на сопствените приходи заради намалениот број на претходно запишани студенти и/или тековната економска криза во државата; б) одржување на минатогодишниот тренд на спречување на падот кај бројот на запишани студенти на трите циклуси на студии, присутен во претходните години; в) враќање кон спроведување на наставата со физичко присуство на студентите и натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; г) изготвување на елаборати за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии на Факултетот; д) интензивирање на меѓународната, научната и конференциска активност на Факултетот, вклучително преку одржување на меѓународни конференции и други собири, гостувања на реномирани странски предавачи и други гости, проектна активност и мобилност на студентите и наставниот кадар; ѓ) вработување на нов наставен кадар (соработници во соработничко звање асистент) на Факултетот според однапред утврдени принципи и критериуми за вработување на нов наставен кадар од ННС; е) основање на оперативен Центар за кариера на студентите; и ж) подобрување на факултетската инфраструктура.

Состојбата околу **финансиите** на Факултетот во извештајниот период продолжи да биде стабилна, со целосно запазена редовност во плаќањето на факултетските обврски кон вработените и надвор од Факултетот. Тоа се должеше, главно, на поголемиот обем на пренесени сопствени средства од 2021 во 2022 година (и понатаму, од 2022 во 2023 година), во услови кога остварените сопствени приходи (на сметката 788) во однос на претходната година забележаа пад од 2,25%, а, расходите пораст за 5,83% (како резултат на порастот на цените кај договорните услуги и регресот исплатен за вработените во максимален износ). Буџетскиот дел од приходите, пак, беше зголемен за 25,30%, што, заедно со приходите од самофинансирачки активности (и пренесеното салдо), доведе до зголемување на вкупните приходи на Факултетот за 16,28%. Како резултат на севкупните финансиски активности и максималното штедење во текот на годината, 2022 година заврши со високо салдо кое се пренесува во 2023 година. Тоа ќе обезбеди натамошна финансиска стабилност на Факултетот преку амортизирање на ризикот од посериозно идно намалување на сопствените приходи во текот на 2023/2024 година (и понатаму), кое би можело да се појави како резултат на евентуалниот пад на новозапишани студенти (особено на вториот циклус на студии) и/или од екстерни фактори.

Споредено со претходната година, во извештајниот период, забележан е скоро подеднаков **број на новозапишани студенти** на трите циклуси на студии, со што се задржа минатогодишната состојба на пораст на новозапишани студенти од 17,6% во однос на предминатата година. За тоа, меѓу другото, придонесе и обемната промотивна активност на студиските програми што се нудат за студирање на Факултетот пред средношколците, спроведена во текот на пролетта 2022 од страна на деканатот и тимот професори од Факултетот (проф. д-р Бобан Мисоски, продекан, како координатор на сите активности, проф. д-р Биљана Петревска, продекан, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, продекан, проф. д-р Ненад Марковиќ, проф. д-р Иван Дамјановски, проф. д-р Драган Гоцевски, проф. д-р Александар Спасов, проф. д-р Вангел Доковски, проф. д-р Елена Нешовска Ќосева, доц. д-р Илија Руменов и доц. д-р Марко Кртолица). Сепак, во октомврискиот уписен рок се појави пад од 23 %, на вториот циклус на студии во однос на истиот период од минатата година, што беше очекувано, со оглед на фактот дека се запишува генерацијата на студенти од пред три години, кога беше остварен значително помал број на новозапишани студенти на додипломски студии. Последното повикува на особена внимателност на среден рок со оглед на фактот дека приходите од овие студии учествуваат со околу 42,71 % во генерирањето на сопствените приходи на Факултетот. Во времето на подготвување на овој Извештај во тек е вториот уписен рок на втор циклус на студии, така што, конечната состојба со уписите на овие студии останува да се согледа по завршувањето на вториот уписен рок.

Во текот на 2022 година, по повеќе од две-годишниот прекин предизвикан од пандемијата со вирусот CoVid-19, конечно се пристапи кон **повторно спроведување на наставата со физичко присуство** на студентите, делумно во летниот и целосно во зимскиот семестар од учебната 2022/2023 година. Истовремено, се работеше на натамошното унапредување на **процесот на администрирање на студиите** преку Службата за студентски прашања, според правилата за студирање на Факултетот. Во тие

рамки, овозможена беше централна координација на закажувањето и одржувањето на одбраните на бројните магистерски и докторски студии и беше воспоставен систем кај службата за студентски прашања за контрола на исполнетоста на условите за пријавување и одбрана на докторските и магистерски трудови. Воспоставен беше и постојан систем за изработка на податоци за тековно издавање на дипломите на дипломираните и магистрирани студенти, а, преземени беа и мерки за зголемување на ефикасноста на процесот на издавање на уверенија на студентите. Во време на изготвувањето на овој Извештај, од УКИМ се најави брзо воведување на модел на електронско извршување на плаќањата на студентите преку овластена банка и на евидентирање и контрола врз таквите плаќања преку системот I-know (како последна фаза од тековниот проект на УКИМ), што, како што беше навестено, во најскоро време ќе го опфати и Правниот факултет.

Во извештајниот период се доврши процесот на **изготвување на елаборатите** за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии опфатени на Правниот факултет (вкупно 30 елаборати), кои ќе бидат понатаму процесирани од Одборот за акредитација и останатите надлежни тела во наредните месеци. Помеѓу овие, реформирани и рационализирани се студиските програми кај студиите по политички науки, новинарство и односи со јавност на обата циклуси на студии. Истовремено, на планот на **практичната настава и едукација на студентите**, продолжија активностите во рамките на Правната клиника за бегалци организирана од Меѓународниот центар за право на бегалците и миграција, Центарот за правна клиничка едукација – Правна клиника за ранливи групи и Центарот за клиничка едукација по казнено право. И оваа година, студентските тимови од Факултетот остварија забележително учество на moot-court натпреварите Phillip Jessup, Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot и Frankfurt Investment Arbitration Moot, кои се одржуваа во online формат. Ораторската вечер „Иво Пухан“ беше одржана по јубилеен 25-ти пат. Во текот на месец декември 2022 година, се спроведоа редовните избори за Претседател и членови на **Факултетското студентско собрание** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ со мандатен период од една година.

Во извештајниот период, интензивирана беше **меѓународната, научната, конференциска и слична активност** на Факултетот, насочена кон негово поголемо отворање, особено, на меѓународен план. Покрај Меѓународната годишна научна конференција, која, годинава, по трет пат по ред се одржа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (преку видео конференциска врска), посветена на „Современите аспекти на правната култура“ („Contemporary Aspects of Legal Culture – Contents and Discontents”), одржана беше и меѓународна научна конференција во Охрид на тема COOPERATIONS ET ELARGISSEMENT: QUELLES RECONFIGURATIONS PREVOIR POUR LE PROJET EUROPEEN?, како и 17-та Регионална конференција по меѓународно приватно право на тема: „Меѓународното приватно право во ерата на дигитализацијата: предизвици и перспективи во периодот по CoVid-19“ („Private International Law in Era of Digitalization: Challenges and Perspectives in Post Covid-19 Period”), во соработка со GIZ. Покрај тоа, по повеќегодишен застој, одржан беше шестиот Загрепско-Скопски колоквиум, посветен на „Правото и модерните технологии“ („Law and Modern Technologies”), овој пат, во Загреб. Организирани беа и повеќе од десеттина научни или стручни собири, семинари, летни или зимски школи, обуки за студентите и други слични настани, во соработка со странски партнери и со учество на реномирани странски предавачи.

На меѓународен план, во изминатата година, на Факултетот беа остварени повеќе од десеттина **гостувања** на реномирани странски професори и други истакнати гости, со предавање или други форми на обраќање кон професорите и/или студентите. Особено беше забележливо предавањето пред студентите и професорите на – можеби – најголемиот теоретичар на денешницата во областа на политичките науки, професорот Френсис Фукујама од Универзитетот во Стенфорд (САД), одржано од 7-11 март 2022 година. Во финална фаза е постапката при УКИМ за прогласување на професорот Френсис Фукујама за почесен доктор (doctor honoris causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Правниот факултет. Во текот на извештајниот период, беше продолжена работата во рамките на мрежата CEEPUS и другите мрежи во кои што членува Факултетот ЕЛФА, ТЕПСА, Ротердамската мрежа. Во тие рамки (но и надвор од нив), се одвиваше **меѓународна проектна активност** на Факултетот на девет меѓународни тековни проекти, меѓу кои шест проекти во рамки на мрежата SEELS (со уште еден за кој се подготвува апликација) и три други меѓународни проекти. **Мобилноста** на студентите и наставниците во изминатата година се одвиваше на, сѐ уште, скромно ниво, со само еден пријавен студент на двата конкурси за студентска мобилност во рамки на Програмата Erazmus+ (кој беше номиниран за реализација на летниот семестар на Правниот факултет во Сплит) и ниту еден пријавен кандидат на конкурсот за академска мобилност. Последното, можеби, може да се објасни со пандемијата со CoVid-19 која беше сѐ уште присутна во текот на значителен дел од 2022 година. Од друга страна, реализирана беше една мобилност кон Правниот факултет во рамките на таа програма и тоа, на студентката Laura Schatz од Грац (Австрија), која престојот го оствари на вториот циклус на политички студии на Факултетот. Во текот на 2022 година беше продолжена важноста на сите Erazmus+

договори од страна на УКИМ за академската 2022/2023 година, а, во 2023 склучувањето на договорите ќе започне да се остварува на електронска платформа. Надвор од програмата Erazmus+, во рамки на академската мобилност, проф. д-р Татјана Зороска Камиловска беше визитинг професор на Факултетот за право и администрација при Јагелонскиот Универзитет во Краков (Полска), во зимскиот семестар од учебната 2022/2023 година.

Во рамки на **издавачката дејност**, годинава, објавени беа четири публикации од наставници на Факултетот (учебник, книга на апстракти и две студии), а, електронското списание Iustinianus Primis Law Review продолжи да се објавува со уште три нови броеви (два редовни и еден посебен број), со можност за пребарување на списанието во датотеките на библиотеката EBSCO и Heinonline. Постапката на евалуација на списанието од научноистражувачката платформа на Web of Science е сѐ уште во тек. Промовиран беше еден Годишник на Факултетот, посветен на проф. д-р Димитар Бајалџиев.

Во текот на извештајниот период, беа потпишани осум нови **меморандуми за соработка** со домашни и странски институции (придодадени кон 40-на претходно склучени меморандуми), вклучително со Секретаријатот за европски прашања на Владата на РСМ (СЕП) и шест други домашни државни или приватни институции, како и со Универзитетот за применети науки од Лајден и Универзитетот од Амстердам (Холандија). Помеѓу претходните меморандуми, Меморандумот за разбирање со СЕП, меѓу другото, предвидува организирано вклучување на професорите од Факултетот во процесот на преговори со ЕУ, за што, веќе е најавена скорешна потреба уште во тековната скрининг-фаза. Со овој и останатите меморандуми со домашни институции, редовно се предвидува можност за практиканство или практична обука за студентите на Правниот факултет во домашните институции и поширока соработка на стручен план. Поврзано со погорното, се отпочна со процесот на основање на **Центар за кариера** на студентите на Правниот факултет, чија што реализација треба да се оствари во текот на 2023-2024 година со помош на Македонското здружение на млади правници (МЗМП), кое за таа намена обезбеди одредени средства од Амбасадата на Кралството Холандија во РСМ. Проектот се одвива како едногодишен врз основа на спогодба неодамна склучена со МЗМП, која, меѓу другото, предвидува ангажирање на лице финансирано од тие средства кое ќе помага при воспоставувањето и администрирањето на системот за поврзување на студентите со партнерските институции каде би се одвивало практиканството (или практичната обука), како и набавка на соодветна компјутерска и софтверска опрема за таа цел.

Во извештајниот период, вработени се **три нови соработници во соработничко звање - асистент** на Факултетот, врз основа на претходно усвоени принципи и критериуми за вработување на нов наставен кадар на Факултетот во периодот од 2022-2024 година, утврдени во јуни 2022 година од страна на ННС. Во рамките на таа динамика, во јануари 2023 година беше упатено барање за согласност за вработување на уште двајца соработници во соработничко звање – асистент чие вработување е планирано за 2023 година. За жал, не беше добиена согласност за вработување на потребниот ненаставен кадар (особено, конкретно беше побарано за помошно-технички лица - две хигиеничарки и чувар), што е загрижувачко, со оглед на сериозниот дефицит со таков кадар на Факултетот. За истото, повторно е упатено барање до МФ.

Во текот на извештајниот период беа остварени неколку зафати насочени кон подобрување на факултетската **инфраструктура**. Помеѓу нив, како најобемен зафат, саниран беше централниот дел на дотраената кровна покривка на факултетската зграда, што беше целосно финансирано со средства добиени (преку УКИМ) од државниот буџет. За продолжување со санацијата на кровната покривка беа побарани дополнителни буџетски средства кои се очекува да бидат добиени (во одреден, за сега, непознат износ) во текот на 2023 година. Дислоцирана беше факултетската библиотека во посебно опремена просторија - функционално припоена со читалната, а, во просториите на читалната беше надградено осветлувањето и беа вградени уште четири (претходно и два) компјутери наменети за пребарување од страна на студентите. Во аулата, ходниците и другите отворени факултетски простории, целосно беше заменето неонското со ЛЕД осветлување (претежно со средства добиени од УКИМ), а, во партерниот дел и дел од ходниците беа вградени патеки со тактилни плочи и соодветни патокази за полесно движење на слепите лица, со два лифта за качување на лицата со посебни потреби и беа опремени двете санитарни простории за лицата со посебни потреби во студентските тоалети (во рамки на проектот „EU for Inclusion-Подобрена достапност на образовните установи за лица со попреченост“ - во рамки на Акциската програма за 2019 година од ИПА II (2014- 2020). Со средства добиени од УКИМ, набавена беше опрема (двоаголна камера, посебна компјутерска и софтверска опрема и засилен видео-проектор) со која се овозможува хибридно одржување на настани (со физичко присуство и online вклучување и пренос) во Амфитеатар 1, како особено погоден и современ начин на одржување на конференции и други научни и стручни собири, предавања, прослави и сл. По двегодишна пауза, конечно беше **издадено факултетското бифе**, кое е предвидено да започне со работа на почетокот на март, 2023 година.

Погорните и други факултетски активности остварени во текот на извештајниот период се детално изложени во продолжение на Извештајот. Текстот на Извештајот е изготвен според воспоставената методологија и структура, што овозможува да се вршат соодветни споредувања со претходни извештајни периоди.

## АКРЕДИТИРАНИ НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Во извештајниот период на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се акредитирани студиски програми од вториот циклус и од третиот циклус на студии и тоа:

ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ - ***Правни студии*** Финансово право - Решение за акредитација на студиската програма (едногодишни студии) бр. 08-474/6 од 12.09.2022 година и (двегодишни студии) бр. 08-473/6 од 12.09.2022 година. Решение за почеток со работа од Агенција за квалитет во високото образование бр. 08-905/4 од 23.09.2022 година (едногодишни студии) и бр. 08-906/4 од 23.09.2022 година (двегодишни студии).

ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ - ***Правни науки*** *Правна реторика и аргументација* – Решение за акредитација бр. 08-611/6 од 14.12.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 41-4558/1 од 17.05.2022 година.

Во извештајниот период во тек е постапка за повторна акредитација, односно акредитација на студиските програми на ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ и тоа: 1) Правни студии - *повторна акредитација*; 2) Политички студии (на македонски јазик) - *акредитација*; 3) Политички студии (на англиски јазик) - *акредитација*; 4) Новинарство – *акредитација;* и 5) Односи со јавност - *акредитација.*

Во тек е постапка за повторна акредитација, односно акредитација на студиските програми на ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ и тоа: 1) Административно право и јавна администрација (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 2) Граѓанско право (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 3) Деловно право (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 4) Историја на правото (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 5) Казнено право (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 6) Право на интелектуална сопственост и право на информатичка технологија (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 7) Римско право и приватноправна традиција (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 8) Уставно право (едногодишни студии и двегодишни студии) – *повторна акредитација*; 9) Применета и компаративна политика (двегодишни студии, на македонски јазик) – *акредитација*; 10) Применета и компаративна политика (двегодишни студии, на англиски јазик) – *акредитација*; 11) Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (двегодишни студии, на македонски јазик) – *акредитација*; 12) Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции (двегодишни студии, на англиски јазик) – *акредитација*; 13) Медиуми и односи со јавност (двегодишни студии) – *акредитација*.

Во тек е постапка за повторна акредитација на студиската програма на ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ и тоа: Право на информатичка технологија.

## ТЕК НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Во учебната 2022/2023 година се организираше настава на Правниот факултет и тоа на прв циклус на студии (прва, втора и трета година) и на втор циклус на студии (прва и втора година).

Во текот на 2021 година Наставно научниот совет на Правниот факултет ја усвои Одлуката за Правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со што се заокружи двегодишниот процес на усогласување на веќе претходниот режим за студирање со оној утврден во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ. Со новите Правила за студирање се подобрува режимот на студирање преку следењето на оптовареноста на студентите, односно се претпочита нивна рамномерна оптовареност низ семестрите, со што се очекува зголемување на нивната успешност (согласно Правилникот на УКИМ).

Во наставно-образовниот процес на Факултетот вклучени се вкупно 66 наставници со полно работно време, како и 3 наставници на кои им мирува работниот однос поради вршење на јавна функција и 4 соработници во соработничко звање – асистент. Наставата во академската 2022/2023 година (зимски и летен семестар) се изведува според одлуката за распоред на работните задачи и распоредите за настава и тоа на правни студии: прва година 3 паралелки, втора година 2 паралелки и трета година 2 паралелки; политички студии (на македонски и на англиски јазик): во сите три години по една паралелка; студии по новинарство: во сите три години по една паралелка; односи со јавност: во сите три години по една паралелка. Со одлука на ННС, наставата во учебната 2022/23 година се спроведува со физичко присуство.

## УПИСИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ПРВ, ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС

### Уписи на прв циклус студии во учебната 2022/2023 година

Со Одлука на ННС формирана е Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2022/23 година во состав: проф. д-р Бобан Мисоски (претседател), проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Драган Гоцевски, проф. д-р Јелена Трајковска Христовска, проф. д-р Есин Кранли Бајрам, проф. д-р Александар Ристовски и доц. д-р Марко Кртолица.

Може да се заклучи дека во трите уписни рока се запишаа вкупно 281 студент на сите студии. Споредено со минатата година, забележан е поеднаков број на запишани студенти на трите студии, со што сме генерално задоволни бидејќи се задржува позитивниот тренд од минатата година на пораст на запишаните студенти од 17,6% во однос на предминатата година. Најголем пад се бележи кај студиите на односи со јавноста и студиите по новинарство, каде имаме пад во однос на минатата година од 55,5% и 43,7% соодветно. Притоа, овогодинешните бројки се дури за по еден запишан студент пониски и од учебната 2020/2021, кога беа забележани најниските бројки на запишани студенти на Правниот факултет. Позитивен е регистрираниот тренд на пораст на запишаните студенти на политичките студии, кои сега се вратија на нивото од 2020/2021 година, односно сопрен е минатогодишниот пад. Олеснување предизвикува фактот дека нема забележан тренд на пад кај најбројните студии на Правниот факултет – правните студии.

### Уписи на втор циклус студии во учебната 2022/2023 година

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2022/2023 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје студентите можеа да се запишуваат на студиите од вториот циклус од областа на правните студии, политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавност.

Се пријавија и се запишаа вкупно 130 кандидати на сите студиски програми[1], што претставува пад од 23% во однос на уписите во првиот уписен рок на вториот циклус на студии за минатата година, односно оваа година уписите се скоро блиски на нивото од предминатата година, кога вкупно беа запишани 126 студенти.

Што се однесува до податоците за вториот уписен рок (втор циклус студии) во учебната 2021/2022 година, се пријавиле и се запишале вкупно 82 студенти.Податоците за вториот уписен рок на втор циклус студии во учебната 2021/2022 година се дел од овој извештаен период за работата на Факултетот, со оглед на фактот што запишувањето на студентите се одвиваше на 21, 22, 23 и 24 март 2022 година.

### Уписи на трет циклус студии - докторски студии во учебната 2022/2023 година

Во првиот и во вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 14 (четиринаесет) студенти на студиските програми на правни науки, 0 (нула) студенти на студиските програми на политички науки и 0 (нула) студенти на студиската програма јавна администрација. Вкупниот број на запишани студенти на трет циклус студии на правни, политички и комуниколошки науки, од учебната 2011/12 година заклучно со учебната 2022/2023 година е 239. Вкупниот број на студенти на трет циклус студии кои се стекнале со научен степен – доктор на науки заклучно со февруари 2023 година е 88.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

Практичната настава во извештајниот период се одвиваше преку Центрите за клиничка едукација.

### Центар за правна клиничка едукација – Центар за право на бегалци и миграција

Во текот на 2022 година, односно летниот семестар од академската 2021/2022 година и зимскиот семестар 2022/2023 година, Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје спроведе низа проекти, активности и настани во рамки на своето работење. Во работата на Центарот спаѓаат: Правната клиника за право на бегалци; Меѓународната летна школа за права на бегалци и миграција 2022 со посебен фокус на конфликтите како причина за раселување; Виш тематски форум за меѓународна заштита на бегалци со фокус на темата - комплементарни патишта за бегалци; Виш тематски форум за меѓународна заштита на бегалци со фокус на темата - заштита на жените и децата раселени поради вооружени конфликти.

***Правна клиника за право на бегалци*** - предавањата за време на правната клиника за право на бегалци беа одржани од страна на менторскиот тим составен од универзитетски професори од Правен факултет

[1] Бројот на запишани студенти е според податоци од првиот уписен рок. Вториот уписен рок на втор циклус на студии завршува на 17.02.2023 година, а запишувањето на новопримените студенти е на 21, 22 и 23 февруари 2023 година.

„Јустинијан Први" - Скопје: проф. д-р Елена Михајлова Стратилати и проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации одржаа стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: Мандат на УНХЦР и Бездржавјанство._Претставници од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) одржаа презентации на теми поврзани со праксата: Законот за меѓународна и привремена заштита низ практични примери и Интеграција на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија._Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за меѓународната заштита предвидена во домашното законодавство и ЕУ стандардите. Како и претходните семестри, во рамки на правната клиника за бегалско право се одржаа две гостински предавања со предавач од странство и предавач од домашната пракса. За летниот семестар 2021/2022 година, предавање како меѓународен гостин одржа проф. д-р Марко Борачети (Prof. Dr. Marco Borracetti) на тема „Модерните предизвици за заштита на бегалците и ролјата на универзитетите". Предавач од домашната пракса беше адвокатот Александар Гоџо од адвокатското друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски кој го презентираше практичниот аспект на застапување на бегалците пред судовите, особено низ случаите пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур. За зимскиот семестар 2022/2023 година како меѓународен гостин предавање одржа Маркус Фишхер на тема „Миграциите од аспект на правото на ЕУ и етиката" (Migration from an EU law and ethics perspective). Дополнително студентите учествуваа во филмска проекција организиран од страна на ИОМ - меѓународната организација за миграција.

***Летна школа за права на бегалци и миграција 2022: конфликти како причина за раселување (Summer School for Refugee Rights and Migration 2022: Conflicts as a cause of displacement)*** - Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Северна Македонија и во партнерство со Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо, во периодот од 22 до 26 август 2022 година одржа летна школа за права на бегалци и миграција со посебен фокус на темата: конфликти како причина за раселување (на англиски: Summer School for Refugee Rights and Migration 2022: Conflicts as a cause of displacement)._Меѓународниот карактер на летната школа беше поткрепена со голем спектар на предавачи од областа на правото на бегалци и миграција. Во текот на летната школа учесниците имаа можност да учествуваат во 9 сесии одржани од 11 академици и практичари од областа. Дополнително, тие следеа панел дискусија, како и клучна сесија одржана од проф. д-р с. Винсент Четал. На 22 август 2022 година официјално се отвори летната школа со воведни говори од страна на проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј, Н.Е. Анке Холштајн, амбасадор на Сојузна Република Германија во Северна Македонија и проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, раководител на Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје.

***Виш тематски форум за меѓународна заштита на бегалци со фокус на темата - комплементарни патишта за бегалци*** - напредниот тематски форум за меѓународна заштита на бегалците беше организиран во партнерство со УНХЦР Северна Македонија и Меѓународниот институт за хуманитарно право (Санремо, Италија). Резултатот од форумот беше потпишувањето на манифестот за образовни комплементарни патишта од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Манифестот претставува покана за релевантните засегнати актери од земјата јавно да се заложат за претворање на високообразовните можности за бегалци-студенти од трети земји во Северна Македонија во реалност.

***Виш тематски форум за меѓународна заштита на бегалци со фокус на темата - заштита на жените и децата раселени поради вооружени конфликти*** - на 16 декември Вториот напреден тематски форум за меѓународна заштита на бегалците со фокус на заштитата на жените и децата раселени поради вооружени конфликти беше организиран од Центарот за право на бегалци и миграција на Правниот факултет „Јустинијан Први", Обединетите нации Високиот комесаријат за бегалци – претставништво во Северна Македонија и Меѓународниот институт за хуманитарно право од Санремо, Италија, преку неговиот Оддел за меѓународно право за бегалци и право за тиграција. Форумот свика академски експерти и практичари од областа на заштитата на бегалците, особено оние со надлежности и фокус на заштита на жените и децата раселени поради конфликт.

**Центар за правна клиничка едукација - Правна клиника за ранливи групи**

Правната клиника за ранливи групи во изминатиот период имајќи го предвид фактот дека е регистрирана при Министерството за правда за давање примарна бесплатна правна помош и е вклучена во Меморандумот за соработка на даватели на бесплатна правна помош со Министерството за правда, во текот на овој период спроведе една активност на полето на бесплатната правна помош, при што примарна правна помош им беше дадена на двајца клиенти кои се обратија на клиниката по препорака на Одделението за бесплатна правна помош во Министерството за правда.

### Центар за правна клиничка едукација по казнено право

Активностите во Центарот за правна клиничка едукација по казнено право (Правна клиника по казнено право) се спроведуваат преку предметите Казнено материјално право – применета програма и Казнено процесно право – применета програма, како задолжителни предмети на студиската програма на втор циклус студии по казнено право. Во текот на минатата година, во активностите на Клиниката учествувале 60 студенти и се реализираа следниве активности: Континуирана теоретска и практична обука од страна на менторите во Правната клиника и адвокатот Дељо Кадиев наменети за студентите од областа на кривичната постапка во делот од ЗКП што се однесува на подготовка на обвинителен акт и приговор на обвинителен акт, унапредување на вештините за состав на воведни и завршни говори, директно и вкрстено испитување. Обуките се спроведуваа преку обработка на хипотетички случаи, а потоа и преку работа на веќе завршен анонимизиран кривичен предмет; Спроведена една симулација на судење (mock trial); Давање на секундарна правна помош на 3 (три) судски предмети, од кои 1 (еден) е правосилно завршен, а останатите предмети се сè уште активни; Следење на судски расправи во Основниот Кривичен суд во Скопје на месечно ниво во периодот од месец февруари до месец декември 2022 година; Спроведен е тренинг за трговија со луѓе и презентација на филм на темата, во соработка со ИОМ, канцеларијата во Скопје; Спроведен е тренинг на тема кривични дела од омраза и кривични дела против семејно насилство и родово базирано насилство во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје; и Спроведен е и тренинг на тема говор на омраза во соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права во Скопје.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

Самоевалуацијата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, беше спроведена од страна на Комисијата за самоевалуација: проф. д-р Тина Пржеска (претседател), проф. д-р Иван Дамјановски (член), проф. д-р Јован Зафироски (член), проф. д-р Бобан Мисоски (член), проф. д-р Вангел Доковски (член), Фидела Шкријељ (студент) и Дора Смилевска (студент).

Во рамките на своите надлежности Комисијата за самоевалуација одржуваше online работни состаноци на кои се направи план за спроведување на процесот за самоевалуација и се изготви Извештајот за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2021/22 година, кој беше усвоен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 04.10.2022 година.

## НАУКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

### Тековни активности

Во извештајниот период беа дистрибуирани повеќе повици за стипендии, специјализации и конференции преку web страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и преку електронска пошта. Во 2022 година беше реактивиран платен пристап до базата на податоци HEINONLINE за International Core пакетот и со примена на пристапот преку факултетската мрежа. Во 2022 година на барање на Ректоратот на УКИМ, Правниот факултет на повеќе наврати сподели дел од архивата на научно истражувачката дејност на Факултетот за изработка на нова веб страна. Во 2022 година од страна на Факултетот беа испратени две апликации на Конкурсот за избор на трудови објавени во престижни списанија за 2020 година и тоа на проф. д-р Александар Стојков и на проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева. Во 2022 година Факултетот испрати една проектна апликација за научно-истражувачки труд поддржан со финансиски средства од интегративните функции на УКИМ на тема „Евроинтеграција на Република Северна Македонија: Усогласување со Европското acquis во Поглавје 23 – материјални и процесни права на детето и Поглавје 24 – Судска соработка во граѓанската материја (брачни спорови, родителски одговорности и меѓународно грабнување на деца)“, од истражувачки тим преводен од проф. д-р Елена Игновска. Во 2022 година беше покрената постапка за доделување на титулата почесен доктор на науки од областа на политичките науки на УКИМ на професорот Френсис Фукујама. Во 2022 година, проф.д-р Мишо Докмановиќ ја освои највисоката државна награда за заслуги од областа на науката „Гоце Делчев“, како признание за монографијата „Сами на своето: кратка историја на македонската независност (1990-1993)“.

### Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје – “Contemporary Aspects of Legal Culture – Contents and Discontents”

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 4 ноември 2022 година ја организираше традиционалната меѓународна конференција, која заради КОВИД-19 пандемијата, трета година по пред се одржа со примена на видео конференциска врска (zoom). Работата на конференцијата беше поделена на два дела: пленарен дел и работа во паралелни сесии. На пленарниот дел од конференцијата, свое излагање имаше: Prof. Dr. Kirk W. Junker, професор на Правниот факултет при Универзитетот во Келн кој говореше на тема: Is an Understanding of Legal Culture Essential to Comparative Law?. Работата на вториот дел од конференцијата беше организирана преку 2 паралелни сесии на кои учествуваа вкупно 36

учесници од земјата и од странство (Србија, Полска, Хрватска, Босна и Херцеговина, Италија и Хонг Конг).

**Меѓународна конференција 17th Regional Private International Law Conference "Private International Law in era of Digitalization: Challenges and Perspectives in post Covid-19 period" - Партнерско учество на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во соработка со GIZ – Скопје**

Во периодот 17-19 ноември 2022 година, Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во соработка со Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) ја организираше 17-та регионална конференција за меѓународно приватно право. Оваа година, регионалната конференција се одржа на темата „Меѓународно приватно право во ера на дигитализација: предизвици и перспективи во пост Ковид-19 периодот". На конференцијата учествуваа 33 професори и асистенти од Правните факултети во Минхен, Пасау, Истанбул, Лондон, Белград, Ниш, Крагуевац, Осиек, Риека, Тирана, Подгорица, Косовска Митровица, Источно Сараево, Битола и од нашиот факултет. Работата на конференцијата беше поделена во четири панели на кои беа презентирани вкупно 12 трудови.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка.

**Конференции, Дебати, Настани**

Во периодот од 7-11 март 2022 година на Правниот факултет се одржа Лидерската академија за развој (ЛАД) организирана во соработка со Стенфорд Универзитетот и Институтот за демократија Социетас Цивилис од Скопје. Исто така беше организирана и официјална средба на која беше разговарано за поканата од страна на Факултетот за доделување на титулата почесен доктор на науки на УКИМ на професорот Френсис Фукујама. На 6 април 2022 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" се одржа јавна дебата со наслов „Innovation in turbulent times" во рамки на европската иницијатива Free Market Road Show. Организатор на дебатата беше Австрискиот економски центар од Виена во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. На 18 април 2022 година беше организирано предавање на професор Цим Лофтон (NATIONAL ADVOCACY CENTER, Columbia, SC) на тема Environmental Crimes. На 21 април 2022 година беше организирана посета на Претседателот на Латвија, Егилс Левиц. Во рамки на посетата беше одржана средба со Претседателот на која присуствуваше и Ректорот на УКИМ, беше отворена изложба со наслов „Латвија – 100" по повод 100 годишнината од Латвиската државност како и Тркалезна маса на која покрај презентацијата од страна на Претседателот на Латвија имаше и разговор и дискусија со студентите на Факултетот на тема „Безбедноста во Европа". На 27 април 2022 година беше организирано предавање на професор Бенџамин Грег (2021-2022 Fulbright Distinguished Chair in Public International Law at Lund University, Sweden). Предавањето беше на тема "Containing COVID-19:A Right to Privacy versus a Human Right to Public Health". На 3 мај 2022 година беше одржано онлајн предавање на германски јазик за студентите по право како заедничкиот настан на ИРЗ и Правниот факултет на тема: "Обука и стручно усовршување на правници во Германија за Германци и странци". На 9 мај 2022 година беше организирано онлајн предавање на професор Стивен М. Шнебаум од Универзитетот Џон Хопкинс (International Law and Organizations Program, Paul H. Nitze School of Advanced International Studies, Johns Hopkins University, Washington, D.C.) на тема „The Incorporation of Customary International Human Rights Law into Domestic Legal Systems". На 12 мај 2022 година на Правениот факултет „Јустинијан Први" – Скопје беше организирана работилница на тема „Образованието против говорот на омраза" како иницијатива спроведена во соработка меѓу Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во периодот 4-7 мај 2022 година, се одржа 5-та летна школа организирана од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, University of Munster (С.Р. Германија) и Paris Nanteree University (Франција). Презентирани беа вкупно 22 труда подготвени од страна на професори и асистенти-докторанди. Во периодот 22-24 септември 2022 година се одржа меѓународна научна конференција на тема COOPERATIONS ET ELARGISSEMENT: QUELLES RECONFIGURATIONS PREVOIR POUR LE PROJET EUROPEEN? каде Правниот факултет „Јустинијан Први" беше во својство на ко-организатор заедно со франкофонската академска мрежа ERECO – PGV и Универзитетот во Гренобл, Франција. На конференцијата беа презентирани 23 научни труда на теми од областа на европските интеграции со посебен акцент на проширувањето на Унијата како една од нејзините најактивни политики. На 25 октомври 2022 година беше одржано гостинско предавање/панел за студентите од факултетот со реномирани експерти од Националниот демократски интститут (National Democratic Institute - NDI) од Вашингтон, САД, а дискутираа на темата „Одбрана на демократијата во ера на илиберализам, дезинформации и поларизација" (Defending Democracy in an Era of Illiberalism, Disinformation and Polarisation). На 5 и 6 декември 2022 година во Загреб, Република Хрватска се одржа

6-тиот Загребско – Скопски колоквиум насловен како “Law and Modern Technologies”. Колоквиумот го отворија деканите на правните факултети во Загреб и во Скопје, проф. д-р Иван Коприќ и проф. д-р Сашо Георгиевски, а свое пригодно поздравно обраќање на настанот имаа и Министерот за правда на Република Хрватска – д-р Иван Маленица и Министерот за правда на Република Северна Македонија – проф. д-р Никола Тупанчески. На 9 декември 2022 година се одржа семинар за студентите од Правниот факултет во коорганизација на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Memorijal de la Shoah и Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Темата на семинарот беше „Холокаустот и масовните злосторства – издвојување преку споредба“. На 15 декември 2022 година на Факултетот се одржа предавањето на тема „Уставот на САД и улогата на Врховниот суд“ кое го одржаа правните советници во Амбасадата на Соединетите Американски Држави, Кол Радович и Славица Чубриќ. На 16 февруари 2023 година беше организирана Филмска вечер на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со проекција на филм за студенти и правници со налов - OJ Simpson -The Trial of the Century. Настанот беше организиран во соработка со адвокатско друштво Поповски и партнери, а модератор на настанот беше професор Stefano Maffei, адвокат и експерт за американско право.

**Студии на Југоисточна Европа (двојна диплома)**

Во рамки на заедничка програма на втор циклус студии со двојна диплома „Студии за Југоисточна Европа“ со Универзитетот во Грац и Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје беше остварена мобилност на студентката Лаура Шатц од Универзитетот од Грац на вториот циклус студии на студиската програма – политички студии.

**Мобилност**

Во 2022 година, Факултетот испрати покана за д-р Катерина Спасовска предавач на комуникации и новинарско известување во Western Carolina University (WCU) во Северна Каролина во рамки на програмата Фулбрајт за предавач/истражувач на Студиите по новинарство за летниот семестар во 2024 година. Во зимскиот семестар 2022/23 година проф. д-р Татјана Зороска Камиловска беше визитинг професор на Факултетот за право и администрација при Јагелонскиот Универзитет во Краков за предметите Development of European Rules of Civil Procedure prawo и Parallels between Macedonian and Polish Civil Procedure.

**Erasmus +**

Во извештајниот период, во рамки на програмата ERAZMUS+, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализирани се два конкурси. На конкурсот за студентска мобилност, пристигна вкупно една пријава на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Меѓународни договори, Меморандуми за соработка**

Во текот на извештајниот период беа потпишани меморандуми за соработка со следните институции/организации: Leiden University of Applied Sciences and Amsterdam University; Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје; Фондација Ѓорѓи Марјановиќ; Адвокатска Комора на РСМ; Заедница на Хрвати во РСМ; Здружение за подигнување на јавна свест за општествено корисни цели НИЕ СИТЕ Скопје; Секретаријат за Европски прашања на Владата на РСМ; Биро за јавни набавки на РСМ.

## УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

**Натпревар по меѓународно право „Moot court competition Phillip Jessup”, Вашингтон, САД**

Студентската екипа од Правниот факултет „Јустинијан Први” во состав: Марија Крстева, Марија Чекреци, Луција Чукеловска и Теа Мицевска, а подготвувани од проф. д-р Сашо Георгиевски, м-р Миа Георгиевска и м-р Атанас Аврамов се натпреваруваше и беше дел од меѓународниот натпревар по меѓународно право Phillip C. Jessup освојувајќи го 109-то место во светот на конечното рангирање во конкуренција од екипи од целиот свет.

**XXIX Willem C. Vis international commercial arbitration moot**

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со свој тим на студенти по 15-ти пат учествуваше на најголемиот натпревар во светот во областа меѓународната трговска арбитража. Тимот го сочинуваа студентите на вториот циклус правни студии: Ана Угрова, Оливер Видиков, Кристијан Петковски, Марко Петровски и Кристина Грнчаровска, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски, во соработка со проф. д-р Вангел Доковски, д-р Ана Пепељугоска (адвокат во адвокатско друштво „Пепељугоски“) и доц. д-р Љубен Коцев. По финалното бодување, тимот е рангиран на 32 место во светот.

**XIV Frankfurt investment arbitration moot**

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со свој тим на студенти, по четврти пат учествуваше на меѓународниот натпревар од областа на Инвестиционото право – Frankfurt Investment Arbitration Moot. Тимот го сочинуваа студентите на првиот циклус правни студии: Софија Петличковска, Сара Марковска, Стојан Тодоровски и Наташа Зечевиќ, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски,

проф. д-р Вангел Доковски и доц. д-р Марко Кртолица. Во конкуренција на 117 тимови, тимот е рангиран на 18 место.

**Ceepus Networks**

Во текот на извештајниот период беше продолжена работата во рамки на мрежите на CEEPUS програмата во кои Правниот факултет учествува. Во рамките на првата мобилност на наставен кадар на Универзитетот во Загреб, Хрватска, проф. д-р Елена Игновска оствари настава на тема „Начела и човекови права во Биоетиката (Principles and Human Rights in Bioethics)". Во рамките на втората мобилност е остварена размена на студенти (Сара Наумоска, втор циклус студии по граѓанско материјално право и граѓанско процесно право) и Арта Селмани (демонстратор) и проф. д-р Елена Игновска како предавач на зимската школа „Sustainability as a Challenge. An Interdisciplinary Approach" на Виенскиот Универзитет, Австрија. За следната година се очекува координаторот на ЦЕЕПУС мрежата за Биоетика – проф. д-р Сигрид Мулер од Виенскиот Универзитет да оствари мобилност на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во рамки на наставата по предметот семејно и наследно право.

**Мрежи**

За време на извештајниот период претставник на Факултетот присуствуваше на одржани собранија/состаноци на мрежите - Ротердамска мрежа на правни факултети, ТЕПСА и ЕЛФА.

**Ceepus мрежа Law and IT**

Во рамките на CEEPUS програмата од минатата година, Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје е дел од мрежата Право и информатичка технологија. Во рамките на оваа мрежа, во текот на 2022 година се остварени две мобилности, односно две студентки беа на тромесечен престој на Правниот факултет во Осијек.

**Програма на Резидуалниот Механизам за Меѓународните трибунали за поранешна Југославија и Руанда (МИП)**

МИП Програмата на Резидуалниот Механизам за Меѓународните трибунали за Поранешна Југославија и Руанда го продолжи својот 4 циклус на Интер-Универзитетски предавања на 1 ноември 2022 година. МИП е иницијатива на Канцеларијата за надворешни работи на Механизмот, која започна во 2019 година во партнерство со ЕУ и Швајцарската FDFA, со цел да го подобри знаењето и разбирањето на граѓаните и заедниците во земјите на поранешна Југославија за злосторствата сторени во регионот во текот на конфликтите од 1990-те години. Програмата на МИП ги користи архивите на ICTY и Механизмот, како и нивните севкупни наследства, да ги презентира фактите за злосторствата сторени во текот на конфликтите – особено преку пресудените случаи на овие институции.За следењето на предавањата студентите добиваат дополнителна можност да работат на труд кој ќе биде објавен од Механизмот (под менторство на проф. д-р Елена Михајлова Стратилати и во соработка со Механизмот). Веќе тројца студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје беа селектирани во најдобрите трудови од првиот и вториот циклус и наградени со едномесечно стажирање во Механизмот во Хаг.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

**Проекти во мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа – SEELS (South East European Law School Network - SEELS)**

Во извештајниот период се имплементирани повеќе проекти во коишто е вклучен Факултетот.

**Иницијатива за реформа на правното образование во Југоисточна Европа (прва фаза) -Initiative for Legal education reform in South East Europe: The first assessment (first stage)**

Центарот за СЕЕЛС беше контактиран од страна на правната програма на Конрад Аденауер Штифтунг (КАС) со предлог за соработка на проектот „Иницијатива за реформа на правното образование во Југоисточна Европа – прва фаза". Целта на проектот беше да направи еден вид мапирање на начинот на кој правото се предава и изучува на факултетите во регионот на Југоисточна Европа. Експертите кои го спроведоа истражувањето доаѓаат од Правниот факултет во Загреб и Правниот факултет во Скопје и тоа: проф. д-р Матеја Хелд од Загреб и проф. д-р Неда Здравева од Скопје.

**Правна реформа за економски развој на Западен Балкан (Legal reform for Economic development in the Western Balkans project)**

Проектот „Правна реформа за економски развој на Западен Балкан" започна во јануари 2022 и трае до декември 2024 година. Проектот е финансиран од Германското министерство за економска соработка и развој (БМЗ), а е спроведен од страна на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (ГИЗ) кои пристапија на мрежата на СЕЕЛС со предлог за соработка на дел од проектните компоненти. Една од главните активности во проектот во 2022 година беше спроведување на сеопфатно истражување поврзано со системите на бесплатна правна помош во регионот на Западен Балкан со посебен фокус на жените и правото на сопственост.

**HFII: Freedom of Expression and Freedom of the Media in South-East Europe - Jufrex 2 - Regional Component**

Овој проект беше спроведен во соработка со Советот на Европа поточно со Европска Унија /Совет на Европа, Хоризонтален фонд за Западен Балкан и Турција (Хоризонтален фонд II) 2019-2022 програма која е заснована како иницијатива за соработка на Европската Унија и Советот на Европа со земјите на Западен Балкан и Турција. Проектот „Слобода на изразувањето и слободата на медиумите во Југоисточна Европа" JUFREX – беше заснован на резултатите постигнати во претходниот регионален проект на Европската Униија и Советот на Европа „Зајакнување на судската експертиза, слободата на изразувањето и медиумите во Југоисточна Европа" – JUFREX (2016-2019). Главна цел на оваа програма е да ја промовира слободата на изразувањето и слободата на медиумите во согласност со стандардите на Советот на Европа со специјален фокус на судството во Југоисточна Европа. Од Правниот факултет „Јустиниан Први" – Скопје со свој придонес учествуваше проф. д-р Елена Михајловска Стратилати.

**Еднаквост и различност за Европско Правно Образование Ed4ele**

Проектот ED4ELE има за цел да сподели добри практики, да стимулира дебата и да инспирира промени кои ќе им овозможат на академскиот кадар, катедрите, инстититутите и секторот во целина да ги развијат практиките и културите во однос на еднаквоста и различноста. За да можат да се извлечат соодветни заклучоци, учесниците на предвидената работилницата од академските институции кои учествуваат во проектот се поканети да изготват кратки извештаи (до 5 страници) за еднаквоста и различноста на нивниот универзитет/факултет. Извештаите ќе бидат објавени во специјално издание на SEE Law Journal (Journal of the SEELS Network, индексирано во HeinOnline).

**Правниот статус и заштитата на интернационално раселените лица, бегалци, баратели на азил, и „невидливите лица" без лични исправи - (Legal Status and Protection of Internationally displaced persons, Refugees, Asylum seekers and 'Invisible' persons without Ids)**

Овој проект беше доделен и е спроведуван од страна на Правниот факултет во Ниш. Се работи за проект кој е финанисиран од средствата на СЕЕЛС и кој почна со имплементација во 2019 година. Во проектот учествуваат како проектни партнери и Правниот факултет во Зеница, Правниот факултет во Осијек и Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Проектот имаше за цел да го зајакне вмрежувањето и соработката на правните факутети во регионот и да ги надмине одредените празнини кои се јавуваат меѓу теоријата и праксата. Финалниот производ на проектот кој беше комплетиран во 2022 беше издавањето на публикацијата Водич на добри практики, издание достапно на локалните јазици и на англиски јазик. Во рамките на проектот од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први"- Скопје учествуваа повеќе експерти и тоа: проф. д-р Неда Здравева како Главен и одговорен уредник на списанието, проф. д-р Александар Ристовски, проф. д-р Милка Ракочевиќ, проф, д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф. д-р Тони Дескоски и проф. д-р Вангел Доковски.

**„Нови предизвици во Европските интеграции – војната во Украина и импликациите од неа за Европската Унија и Западен Балкан" (New Challenges For European Integration - Ukrainian War and its Implications for the European Union and the Western Balkans)**

Центарот за СЕЕЛС и Европа Институт во 2022 година подготвија и поднесоа апликација на повикот на програмата за Дијалог за високото образование на ДААД. Проектот „Нови предизвици во европските интеграции – војната во Украина и импликациите од неа за Европската Унија и Западен Балкан" се фокусира на анализата на новите предизвици кои се јавуваат за процесот на европска интеграција поврзани со руско-украинската војна и импликациите кои истата ги има во однос на Европската Унија и земјите од Западниот Балкан. Особено внимание ќе биде посветено на процесите на пристапување во ЕУ на овие земји како и на соседските политики на истите.

## МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

**Промоција на механизми за алтернативно решавање на спорови и медијација во Северна Македонија (Promoting Mechanism for Alternative Dispute Resolution and Mediation in North Macedonia – InvestinAdr)**

Во текот на 2022 година во рамки на меѓународниот проект „Promoting Mechanism for Alternative Dispute Resolution and Mediation in North Macedonia -INVESTinADR" (Промоција на механизми за алтернативно решавање на спорови и медијација во Северна Македонија) во кој учествуваат Европа Институтот (The Europa-Institut) при Универзитетот во Саарланд (Германија) и Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ - Скопје спроведени се низа проектни активности.

**Modernising European Legal Education (Mele)**

Во периодот од јануари до декември 2022 година, проектниот тим од Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје зеде учество во низа активности организирани во рамки на проектот "Modernising European Legal Education (MELE)", кој има за цел да ги подобри трансверзалните вештини на академскиот кадар, фокусирајќи се на унапредување и иновирање на наставните методи од областа на

правните студии. Во текот на изминатата година проектниот тим од Правниот факултет „Јустинијан Први“ одржуваше редовни координативни состаноци, а беа реализирани и повеќе дополнителни средби и онлајн консултации со претставници од Универзитетот во Саарланд како проектен координатор, со цел правилна и ефективна имплементација на четирите интелектуални аутпути од проектот.

**Jean Monnet Network – Активно граѓанство: Промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан**

Проектот влезе во завршна фаза. Повеќето од проектните активностите се завшени и проектот е во фаза на финансиски отчет. Од преостанатите активности се очекува издавање на зборник на теми поврзани со проектот во кои автори ќе бидат членови на проектниот тим.

**Подготовка на апликации на меѓународни повици**

Во 2022 година Правниот факултет работеше на проектна апликација за основање на **Центар за кариера** со поддршка на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) за што беше склучен и Меморандум за соработка. Планираните активности ќе започнат во февруари 2023 година.

## НАСТАНИ, СВЕЧЕНОСТИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Прв академски час**

На 3 октомври 2022 година, Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, организираше прв академски час со кој свечено се отвори новата учебна година. На првиот академски час се обратија деканот на Факултетот - проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Никола Тупанчески - Министер за правда на РСМ и г-дин Дамјан Величковски - претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**XXV Ораторска вечер „Иво Пухан"**

Правниот факултет “Јустинијан Први” и катедрата по римско право годинава ја продолжија традицијата на Ораторската вечер „Иво Пухан”, која се одржа по дваесет и петти пат. По објавувањето на јавниот оглас за учество се пријавија 14 студенти од повеќе единици на УКИМ. Полуфиналето се одржа на 02.12.2022 година во 14 часот во присуство на деканот, продеканите и спонзорот на Ораторската вечер, адвокат Анита Бегова. Избрани беа осуммина финалисти кои продолжија со интензивни подготовки со професорите и актерот. Финалето се одржа на 12.12.2022 година во живо во Свечениот амфитеатар на Правниот факултет, а финалистите настапија по следниов редослед: Марија Илиевска „Важно е да се биде нешто“; Елизабета Ристова „Јустиција“; Марија Додовска „Зошто дозволивме вака да пораснеме“; Марина Додевска „Молк кој кажува с□“; Викторија Терзиева „Голгота“; Савче Ѓошева „Држава што тоне“; Данило Крстовски „Оставина“; Ведрана Петрова „Срам на жената или срам на општеството!?“. Првата награда му припадна на Данило Крстовски, втората на Ведрана Петрова, а третата на Марија Додовска. Фондот за наградите во вкупна вредност од 30.000 денари го обезбеди адвокатската канцеларија Анита Бегова. Специјалната награда „Бранко Ѓорчев“ ја доби Елизабета Ристова, а наградата во висина од 10.000 денари ја додели Заедницата на Хрватите во РСМ.

**Одбележување на 71 година од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

На свеченоста пригодни обраќања имаа: Ректорот, проф. д-р Никола Јанкуловски, проф. д-р Елена Градишки, редовен професор во пензија и проф. д-р Сашо Георгиевски, Декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. На настанот беа доделени пофалниците на студентите кои постигнаа највисок просечен успех, студентите што учествуваа во тимовите на PHILIP C. JESSUP MOOT COURT; WILLEM C. VIS INTERNATIONAL COMMERCIAL ARBITRATION MOOT; и на FRANKFURT INVESTMENT ARBITRATION MOOT, како и благодарници на нивните тренери. Во име на благодарност за поддршката и соработката беше доделена плакета на Ректорот на УКИМ, проф. д-р Никола Јанкуловски. Во знак на благодараност беа доделени плакети и на г-а Моника Сандри од Претставништвото на Високиот Комесаријат за бегалци на ОН во Северна Македонија во знак на благодарност за поддршката на Центарот за право на бегалци и миграции, како и на г-а Џоана Кецман од BUREAU OF INTERNATIONAL NARCOTICS AND LAW ENFORCEMENT AFFAIRS при Амбасадата на САД во Северна Македонија во знак на благодарност за поддршката на Центарот за казнено право.

По повод Денот на Факултет – 3 Ноември, беше промовирана Читалната на Факултетот и беа доделени благодарници на членовите на алумни заедницата и поддржувачи на Факултетот.

**Промоција на дипломци и магистри**

Со оглед на ситуацијата во врска со пандемијата, а во насока на заштита на здравјето на студентите, но и вработените на Факултетот, во 2022 година не се одржаа планираните две свечени промоции на магистрирани и дипломирани студенти.

**Промотивни активности за средношколци**

Заради организирање на промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а со цел привлекување на идни студенти, во рамки на програмската активност на Секторот за

образование на Град Скопје „Училиштата на Градот Скопје со отворени врати за факултетите и универзитетите за промоција на нивните студиски програми“, како и во рамките на промотивните активности организирани од страна на Ректоратот на УКИМ во рамките на Отворените денови на УКИМ, активностите за промоција на Факултетот се спроведоа и преку физичка посета на средните училишта во Скопје и Велес, како и преку спроведување на онлајн презентации преку ZOOM платформата

## ИЗДАВАШТВО

### Монографии, Зборници и Годишници

Во извештајниот период беа објавени следниве публикации: Политички систем, книга-учебник, печатено издание, издавачи: Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија и Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, автори: проф. д-р Саво Климовски, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски; 30 Years Since the Adoption of Republic of Macedonia's Constitution, Book of abstracts (книга на апстракти), електронско издание, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, автори: Emeritus Prof. Ciril Ribicic, PhD; Prof. Svetomir Skaric, PhD; Prof. Gordana Siljanovska-Davkova, PhD & Velimir Delovski, LLM; Prof. Renata Treneska Deskoska, PhD; Prof. Vladan Petrov, PhD, Miroslav Djordjevic, PhD & Milos Stanic, PhD; Assoc. Prof. Djordje Gardasevic, PhD & Dora Pavkovic, Mag. Iur; Prof. Biljana Vankovska, PhD; Prof. Tanja Karakamisheva-Jovanovska, Phd & Assoc. Prof. Aleksandar Spasenovski, PhD; Prof. Darko Simovic, Phd; Prof. Miso Dokmanovic, PhD; Ass. Prof. Aleksandar Marsavelski, PhD; Acad. Prof. Vlado Kambovski, PhD; Prof. Biljana Kostadinov, PhD & Assoc. Prof. Ana Horvat Vukovic, PhD; Prof. Sasa Zagorc, PhD; Assoc. Prof. Jelena Trajkovska-Hristovska, PhD; Ass. Prof. Denis Preshova, PhD; Ass. Prof. Driton Kuqi, PhD; Prof. Marika Ristovska, PhD; Prof. Jovan Zafirovski, PhD; Assoc. Prof. Blerton Sinani, PhD; Ass. Prof. Marko Krtolica, PhD; Ilija Jovanov, LLM; Hate Speech and Refugees, Study (студија), електронско издание, издавач: Правен Факултет „Јустинијан Први“, Скопје, автори: Prof. dr. Sc. Irena Rajchinovska Pandeva, Prof. dr. Sc. Elena Mihajlova Stratilati, Prof. dr. Sc. Sasho Georgievski; Истражувачко новинарство во Република Северна Македонија во контекст на позитивни практики на европските земји и доктринарните дефиниции за истражувачко новинарство, студија, печатено издание, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, автори: проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Ана Чупеска, проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска.

### Библиотека

Библиотеката на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во извештајниот период извршуваше планирани и тековни задачи согласно со Правилникот за работата на Библиотеката.

### Електронско списание *Iustinianus Primus Law Review*

(http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/CorrespondingMembers.php)

Во текот на академската 2022/2023 година беа објавени три броја, од кои редовните 25-от и 26-от, како и посебниот број во кој се објавени трудовите од учесниците на Годишната Конференција во организација на Правниот факултет. Во текот на оваа година, продолжува добрата практика списанието да може да биде пребарувано во датотеката на EBSCO библиотеката и во датотеката на HEIONLINE библиотеката. Постапката на евалуација од научно истражувачката платформа на Web of Science сè уште е во тек.

## НОВИ ВРАБОТУВАЊА НА ФАКУЛТЕТОТ

### Согласност за вработување на лица во соработничко звање – асистент на Факултетот и реализација на согласност за вработување

На седницата на Наставно-научниот совет одржана на 01.07.2022 година утврдена е потреба за асистенти во 2022 година на следниве научни области (по азбучен ред): 1) административно право и јавна администрација; 2) граѓанско процесно право и 3) право на друштва, со обврска деканатот да достави барање преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, за добивање на согласност за вработување на асистенти во 2022 година на наведените научни области. На седницата на Наставно-научниот совет одржана на 02.12.2022 година врз основа на доставени извештаи од рецензентските комисии објавени во Билтен на УКИМ бр. 1272 од 15.11.2022 година, избрани се: м-р Константин Битраков во соработничко звање – асистент на научната област административно право и јавна администрација; м-р Теа Мицевска во соработничко звање – асистент на научната област граѓанско процесно право; и м-р Катерина Жатева во соработничко звање – асистент на научната област право на друштва. Именуваните засноваа редовен работен однос на Факултетот на 13.12.2022 година.

**Согласности за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот**

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на 30.12.2021 година и неколку пати во 2022 година (на 12.04.2022 година; на 05.07.2022 година и на 17.10.2022 година), како и во 2023 година (25.01.2023 година) поднесе барања за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2022 година и за 2023 година, но по барањата за вработувања на ненаставен кадар од Правниот факултет, досега не е одговорено од страна на надлежните министерства.

## СТУДЕНТСКИ ИЗБОРИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Со Одлука бр. 03-1229/1 од 11.11.2022 година, Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на 11.11.2022 година, распиша избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Одлуката предвидуваше изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (во понатамошниот текст: ФСС на ПФ) да се одржат на 12.12.2022 година, во период од 08.30 до 16.30 часот, во аулата на Факултетот. Како конечни, се резултатите од изборите за членови на ФСС на Правен факултет: Прва година, правни студии, прв циклус: 1. Анастасија Кипариз Крстеска; 2. Ангела Вељановска; и 3. Анастасија Вељановска. Втора година, правни студии, прв циклус: 1. Дора Смилевска; 2. Бојан Палитов; 3. Емилија Протугерова; 4. Ивана Петковска; 5. Калина Најдеска; 6. Марио Велковски; 7. Стефан Кофиловски. Трета година, правни студии, прв циклус: 1. Марија Самарџиска; 2. Магдалена Николовска; 3. Марија Илиевска; 4. Ѓорѓи Стојков; 5. Тијана Тесалоника Шишкоска; 6. Бојан Стојановски. Втор циклус на студии: 1. Данило Крстовски.

## НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ

Во периодот од 01.03.2022 година до 28.02.2023 година одржани се 11 редовни седници (од 12-та редовна седница одржана на 01.04.2022 година до 22-ра редовна седница одржана на 28.02.2023 година), 2 вонредни седници одржани на 21.10.2022 година и на 13.02.2023 година.

На седниците на Наставно-научниот совет во овој период на дневен ред беа поставени вкупно 215 точки /588 потточки/.

## ДЕКАНАТСКА УПРАВА

Во текот на извештајниот период од 01.03.2022 година до 28.02.2023 година одржани се 11 редовни седници на Деканатската управа (од 12-та седница одржана на 30.03.2022 година до 22-ра седница одржана на 27.02.2023 година) и 2 вонредни седници одржани на 20.10.2022 година и на 13.02.2023 година. На дневен ред беа поставени 106 точки /16 потточки/.

## СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021), Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав: проф. д-р Димитар Гелев - претседател, проф. д-р Милка Ракочевиќ и проф. д-р Драган Гоцевски – членови, во текот на 2022 година за потребите на Факултетот спроведе 20 постапки: 12 набавки од мала вредност, 5 набавки со поедноставена отворена постапка и 3 набавки на посебни услуги.

## ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РСМ" бр. 101/2019) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во периодот од 01.03.2022 година до 28.02.2023 година нема примени барања по овој основ.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во периодот од 01.03.2022 до 28.02.2023 година, опфатен со овој Извештај, на Правниот факултет „Јустинијан Први" беа преземени низа мерки и активности со кои, особено, се овозможи: а) натамошна финансиска стабилност на Факултетот (со редовност во плаќањата), б) одржување на минатогодишниот тренд на спречување на падот кај бројот на запишани студенти (во однос на претходните години); в) враќање кон спроведување на наставата со физичко присуство на студентите и натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; г) изготвување на елаборатите за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус на студии на Факултетот; д) натамошно интензивирање на меѓународната, научната и конференциска активност на Факултетот; ѓ) вработување на нов наставен кадар (соработници во соработничко звање – асистент) на Факултетот (според однапред утврдени принципи и критериуми од ННС); е) воспоставување на

оперативен Центар за кариера на студентите (во текот на оваа и почетокот на наредната година); ж) подобрување на факултетската инфраструктура.

Со оглед на тековните и претстојни задачи, во наредниот период, факултетските активности ќе бидат, особено, насочени кон: а) натамошно одржување на финансиската стабилност на Факултетот (со пренесување на потребно салдо во наредната година); б) натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку службите на факултетот; в) натамошно збогатување на меѓународната и научната соработка на Факултетот, вклучително преку стимулирање на поинтензивна меѓународна конференциска, проектна и друга активност; стимулирање на поголема проектна активност на Факултетот; г) стимулирање на студентската и академска мобилност (од и кон Факултетот) во рамки на постојните програми; д) воспоставување и ставање во функција на Центар за кариера на студентите на Факултетот (во рамки на тековниот проект и во соработка со студентите претставени преку Факултетското студентско собрание); и ѓ) натамошно унапредување на факултетската инфраструктура, особено, преку продолжување на санацијата на сѐ уште несанираниот дел од кровната покривка на Факултетот (во обем зависен од екстерно доделените средства).

Д Е К А Н

Проф. д-р Сашо Георгиевски